РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

ООУ „АЦО ШОПОВ“ СКОПЈЕ, ОПШТИНА БУТЕЛ

за период од 2020 до 2024 година

Скопје, јули 2020 година

Врз основа на член 49 став (1),(2) и (6) од Законот за осново образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19), и Правилнк за формата и содржината на развојната и годишната програма за работата на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020година.

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА 3

Вовед 4

1. Податоци за основнотоучилиште 5
   1.1 Идентификациони податоци за основнотоучилиште 5
   1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основниучилишта 6
2. Преглед на постоечките ресурси со кои располга основнотоучилиште 8
   2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручнаподготовка 8
3. Подрачје на работа на основното училиште-наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовнаработа 14
4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години 16
   4.1. Самоевалуација на основното училиште (2018 -2020 година) 16
5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа) 42
6. Мисија и визија на основнотоучилиште 45
8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите 62
9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн. 63
10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основнотоучилиште 64
11. Евалуација на Развојната програма за работа наосновното училиште 65
12. Заклучок 65
13. Комисија за изработка на Развојната програма за работана основнотоучилиште 66
14. Користена литература 67

Вовед

Развојната програма на ООУ„Ацо Шопов“ е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Овој документ треба да се сфати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој произлеува од самоевалуацијата и се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат.

Освен тоа нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Јасно е дека развојниот план не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба тој може да се доработува и преработува.

Развојната програма на училиштето изготвена е врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето и Самоевалуација на училиштето за период 2018 – 2020 година.

1. Податоци за основнотоучилиште

1.1 Идентификациони податоци за основнотоучилиште

Име на основното училиште	Ацо Шопов
Адреса	Ул.Радишанска бр.68а
Телефон	02/2673-178
Место, општина	Скопје, Бутел
Веб-страница	acosopov.edu.mk
Е-маил	aco.sopov@yahoo.com
Ден на училиштето	20 април
Внатрешна површина на училиштето (m^2)	3 500 m^2
Училишен двор (m^2)	20 000 m^2
Подрачни училишта во состав на основното училиште, место	нема
Капацитет на училиштето (максимален број на ученици)	570 во една смена, 570 во друга смена
Број на ученици (моментална состојба)	839
Број на паралелки	31
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	македонски
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	нема
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	2 смени
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	нема
Во основното училште има ресурен центар	нема
Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште	нема

1.2. Историјат на основното училиште

Основното општинско училиште „ Ацо Шопов “ е изградено во 1984 година и е од тврда градба. Основано е од Собрание на Општина Чаир 08 – 1886 од 24.05.1984г., верификација – број на акт 10 – 837/3 од 1994 година.

Училиштето воспитно – образовна дејност ја започнува во далечната 1984 година и тогаш имало 684 ученици во 20 паралелки. Основното општинско училиште „Ацо Шопов“ е сместено на територијата на општина Бутел, во населба Радишани на ул.„Радишанска“ 68а и ги опфаќа учениците од населбата и селото Радишани.Учебната 2019/2020 година, училиштето работи со вкупно 850 ученици, кои се распоредени во 31 паралелки, по три на ниво на одделение и по една четврта паралелка на ниво на второ, трето четврто и седмо одд. предводени од 41 наставници. Раководен орган на училиштето е директорот Лепосава Дохчева која е одговорна за законитоста во работењето и материјално-финасиското работење на училиштето. Ацо Шопов е роден во Штип на 20 декември 1923 година а умира во Скопје на 20 април 1982 година. Ацо Шопов бил македонски поет и преведувач, член на МАНУ. Шопов е еден од основоположниците на современата македонска книжевност.

1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основниучилишта

Во реализацијата на наставните планови видлива е примената на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Секогаш учениците се центар на нашето внимание.
Соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации.
Организираме многубројни хуманитарни акции развивајќи ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со Црвениот Крст на Република Северна Македонија.
Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, и култури на други држави, ја развиваат сопствената креативност, учат за демократија детски права и одговорности. Ја развиваат еколошката свест, стекнуваат едукативни знаења за органска храна. Сето тоа се реализира

преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружење.

Училиштето се гордее со многубројните освоени награди и први места на општинските, регионалните и државни натпревари по математика, природни науки, хор и оркестар, ликовна уметност, биологија, хемија, македонски јазик и спорт.
Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Што е уште позначајно во учебната 2019/2020 година го имаме највисокиот среден успех споредбено со изминатите три учебни години.
Наставниците континуирано следат обуки, вон и во училиштето продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето.
Проекти кои се реализираат во училиштето:
Интеграција на еколошката едукација,
Проект за меѓуетничка интеграција вообразованието,
Проект „Ненасилно однесување воучилиштето“
Проект „Антикорупциска едукација на учениците“
Проект „Заедничка грижа и правилно насочување научениците “
Проект „Отворено граѓанско образование“

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ МТСП, МИОА , Завод за ментално здравје, Поликлиника Чаир, Агенција за вработување, Државен завод за статистика , Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Сектор за малолотничка деликвенција, Здружение Совет за грижи и воспитување на децата. Со невладини граѓански здруженија како „Нефрон“, ЕМСА, Пакомак, RBIC Roma Business Information Center ЗРДИЦ, Меѓаши, USAID, Црвен крст на Република Северна Македонија, Надеж – здружение за ромите.

2. Преглед на постоечките ресурси со кои располга основнотоучилиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручнаподготовка

Стручен профил	Број на извршители		Стручна подготовка					
Наставен кадар	Одделенска настава	19	ВСС-18	ВШС-1				
	Предметна настава	23	ВСС-22	ВШС-1				
Раководен кадар	1			ВСС				
Стручни соработници	3			ВСС-3				
Административни службеници	2			ВСС				
Помошен и технички кадар	12			10 ССС	НСС-2			

2.2. Работен стаж на вработените

Работен стаж	**Број на вработени наставници во одделенска настава**	**Број на вработени наставници во предметна настава**	**Број на вработени стручни соработници**	**Број на вработени админи-стративни службеници**	**Број на вработен технички персонал**	**Број на вработен раководен кадар**
До 10 години	5	3	1	/	4	/
Од 10 до 20 години	7	20	1	/		/
Од 20 до 30 години	2	1	/	/	4	/
Повеќе од 30 години	4	1	1	2	4	1
Вкупно						

2.3. Простор

Простор	Вкупен број	Површина (m^2)	Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)	Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)
Училници	17	918		Потреба од повеќе училници
Кабинети	2	108		Повеќе кабинети
Библиотека	1	16		
Медиотека	1	21		
Спортска сала	1	503		
Мала фискултурна	1	47		
Канцеларии	7	145		
Училишен двор	1	20 000		
Аула	1	240		
Кујна	2	43		
Трпезарија	1	48		
Скривница	1	225		
Котлара	1	95		
Рботилница за хаусмајстор	1	70		
Подрумски простории	1	145		
Помошни простории	6	73		
Просторија за технчки персонал	1	8		
Забна орднација	1	12		
Терен за тенис	1	800		
Терен за фудбал	1	364		
Терен за кошарка	1	400		
Друго				

2.4. Опрема и наставни стедства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	**Постоечка опрема и наставни средства**	**Потребна опрема и наставни средства**
Македонски јазик	Интерактивна табла, компјутер, училишна табла,ТВ монитор,принтер,интернет	нови наслови на лектирни изданија кои не се застапени во библиотека), едукативни игри, букварки, играчки за продолжен престој (друштвени игри, сложувалки, коцки)
Англиски јазик	Телевизор, интерактивна табла, проектор, десктоп компјутер, печатар, фотокопир и скенер (3 во 1) интернет	Звучници за компјутер
Германски јазик	TV, смарт табли, принтери, компјутер,ЦД плеер, интернет	//////////////////////
Ликовно образование	TV, смарт табла, принтер, компјутер, сталаци за цртање, интернет	//////////////////////////////
Музичко образование	Пијано, телевизор, компјутер, звучник, табла, печатар, интернет	
Физичко и здраствено образ.	Топки за (ракомет, одбојка, кошарка, фудбал), мрежи за фудбал 2, фудбалски стативи 2, обрачи за кошарка 4, јажиња, чуњеви-маркери, обрачи, ѓуле големо и мало, рипстови, греда ниска, шветска клупа, комлети за шах, табла за прецизност, душеци, мрежа за одбојка, реквизити за физичко, јажиња, палки, конуси, обрачи, хулахопи, топки, дресови, јажиња за скокање, спортски маркер за тренинг (баскет, фудбал, одбојка, ракомет, мали меки топки), касетофони	голем душек – за скок во височина
Работа со компјутер	TV, смарт табл, принтер, компјутер, интернет	Компјутер за секое дете

Природни науки	TV, смарт табли, принтери,Торзо, скелет,	живеалиште за набљудување на инсекти, модел на заби, танграми, магнети, основни сетови за магнетизам, динамометар, демонстративен часовник,
Општество	TV, смарт табли, принтери,	Координациони кругови,
Математика одделенска	TV, смарт табли, принтери, компјутер	Едукативни игри, ваги, модели на 3Д форми, голема сметалка, манипулативи,
Математика предметна	компјутер	
Техничко образование	TV, смарт табли, принтери, компјутер,алати	//////////////////////
Историја	TV, смарт табли, принтери, компјутер, историски карти	//////////////
Географија	TV, смарт табли, принтери, компјутер, Географски карти	//////////////////////////
Физика	Динамометар, училишни магнети – послаби (прачкаст, потковичест, магнетна игла), волтметар и амперметар (недигитален), вага (недигитална), лост, железни струготини, стаклена и ебонитна прачка, пружина, дрвен триаголник, пластичен агломер, пластичен шестар	Метро за мерење, училишни магнети – силни (прачкаст, потковичест), електромотор модел со турбина на ветер (ветерница), модел на парна машина мултиметар (дигитален), дигитална вага (за мерење маса во грамови), филтри во разни бои (црвена, зелена, сина), ласер, бунсенов пламеник, колба, заштитни очила, термометри за вода, барометар, метална прачка, различни изолатори (прачки), различни спроводници (прачки), штрафцигер, фазометар, жички за тестирање од различни материјали, дебелини и должини, мали физички магнети, музичка вилушка, осцилоскоп, креди во боја, Паскалов закон (модел на демонстрација на Паскаловиот закон во вид на пумпа), стаклено ѕвоно со вакуум пумпа, цилиндар (метален со три отвори за демонстрација на хидростатскиот притисок), Ширење на тела при загревање (метален статив со ланец со месингано топче и месинган прстен) Њутново нишало

Хемија	Атомски модели, периоден систем на елементите, збирка на минерали и руди, лабораториски прибор (епрувети, ерленмаери, лабораториски чаши, мензури, колби,тиквички, спиртна ламба, триножник, азбестни мрежи, стативи, клеми, дрвени штипки, заштитни очила) Супстанци: индикатори, киселини (H2SO4, HCl,HNO3), бази (NaOH, NH4OH) соли, фелингови раствори	Модел на атом 3D, сталаци за епрувети, кристална решетка на CO2или на NaCl, магнезиумова лента, стаклена спирна ламба
Биологија	Микроскопи, лупи, микроскопски препарати, модели (торзо, бубрег, цвет, развој на жаба), опрема за дисекција, слики	Модели на: сетилни органи, клетка, репродуктивен систем
Граѓанско образование	TV, смарт табли, принтери, компјутер,	//////////////////////
Информатика	2 компјутери со 5 картички за монитори, 1 интерактивна табла, 1 проектор кој не е компатибилен со таблата интерактивна,1 компјутер за интерактивна табла, 1 компјутер со 4 картички за монитор кој не работи, 40 микробитови	Проектор за смарт табла, 1компјутер со картичка за 4 монитори, или 4 компјутери за учениците,
Иновации		
Запознавање со религиите	Смарт табла, компјутер, принтер	////
Етика	Смарт табла, компјутер, принтер	//////

2.5. Материјално-финансиско работење научилиштето

Материјално-финансиско работење на училиштето се искажува преку две сметки со кои располага училиштето и тоа:

- 7760104421 903 19 општинска сметка -блокдотации
- 7760104421 787 14 сопствени приходи-самофинансирачкиактивности

Средствата од наведените сметки се користат наменски според одобрен план, за финансирање од страна на основачот –Општина Бутел кој се доставува во тековната година за нареднатагодина.

Предлог -финансовиот план за 2021 година за двете сметки го разгледува Ушилишниот одбор и истиот го предлага во октомври 2020 година, а го усвојува Советот на Општината.

Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор во февруари 2021 година за 2020 година и училиштето ги доставува до надлежните институции .

Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните услови за работа на училиштето.

3. Подрачје на работа на основното училиште-наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовнаработа

Општинското основно училиште основано е од Собрание на Општина Чаир 08-1886 од 24.05.1984г.,верификација-број на акт 10-837/3 од 1994 година. Училиштето воспитно- образовната дејност ја започна со 684 ученици во 20 паралелки. Бројот на ученици во изминатите четири години се движи од 875 до 849 со тенденција на мало намалување и во сите четири години учениците биле распоредени во 31пралелка.

Во нашето училиште се реализира и проширена програма. Проширената програма на училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

Училиштето за учениците од прво одделение организира продолжен престој со учениците од иста паралелка со добиена согласност од Министерството, каде се организира настава согласно Упатството

подготвено од страна на Бирото за развој на обрзовнието.
Со обезбедени услови и средства од основачот и со добиена согласност од Министерството, во училиштето се организира продолжен престој за учениците во групи од второ до петто одделение и тоа: една група со ученици од второ-трето и втора група со ученици од четврто - петто одделение со ученици од различни одделенија.
За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и

учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно Упатство подготвено од страна на Бирото.

Учлиштето активно организира и реализира воннаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

4.1. Самоевалуација на основното училиште (2018 -2020 година)

Подрачје	Резултати
Наставни планови и програми	Наставните планови и програми во Училиштето пропишани на национално ниво се организираат и реализираат според законската регулатива. Според нив се изработува Годишната програма за работа на училиштето во која освен наставата се вклучени и воннаставните активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната средина, посета на институции, учество на натпревари, општествено-корисна работа итн. За поефективна воспитно образовна работа сите субјекти вклучени во Училиштето има можност понекогаш да влијаат во реализација на НПП и во секое време можат да бидат запознаени по нивно барање. Родителите и локалната средина се вклучени во реализација на делови од НПП како на пр: предавања од одредена област, работилници, заедничко организирање на манифестации од забавен, хуманитарен и едукативен карактер, како и активности за меѓуетничка интеграција вообразованието. Училиштето претставува безбедна средина за учење и развој на учениците, врши згрижување на учениците еден час пред и по редовната настава, и организира продолжен престој за оние ученици чии родители имаат потреба. Наставниците перманентно се едуцираат за работа со децата со посебни потреби. Во училиштето еднаш неделно од друго училиште доаѓа дефектолог кој работи со овие деца и нуди поддршка на наставниците во изработка на ИОП и следење на учениците. Во поново време и во соработка со Општината се обезбедени и образовни асистенти за учениците со потешкотии во нашето училиште. Изборните предмети ги избираат учениците во комуникација со нивните родители на транспарентен начин преку пополнување анкети. Сите ученици, без разлика на полово, етничко или социјално потекло, како и различни способности се вклучени во воннаставните активности. Во содржините во наставата и воннаставните активности се вклучени теми преку кои се едуцираат и воспитуваат учениците за односи меѓу половите, разрешување на конфликти. Според резултатите од конкурси и натпревари може да се согледа високиот успех и рангирање на учениците кои за покажаните знаења и вештини добиваат многу пофалници, дипломи, награди и пехари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Постигањата на учениците редовно се промовираат преку учество на учениците на различни настани, манифестации и активности од различен карактер преку кои се врши и афирмација на работата на училиштето.
Постигнувања на учениците	За подобрување на постигањата на учениците се прави преглед на успехот од тромесечие и полугодишен и годишен успех заради споредба и континуирано следење на успехот на учениците. Од

	извршениот увид на документите, одржани практични часови и прегледаните дневни подготовки може да се рече дека училиштето нема поголеми осцилации во постигнувањата на учениците, така што на наставните часови се тежнее да се употребуваат најразлични форми, методи и техники за работа со кои ќе се привлече и задржи интересот кај учениците. Исто така, во прилог на подобрување на постигнувањата е и работата на стручните активи во училиштето, каде се планираат и реализираат стручни предавања и отворени часови. Посебно треба да се истакне редовното реализирање на дополнителните часови од страна на сите наставници. Според направената анализа за постигањата (успехот на учениците) оваа учебна година успехот е во пораст во однос на минатите учебни години со незначителна разлика. Послаби резултати во успехот се по предметите од природната група. Подобри резултати покажуваат девојчињата од машките, а по етничка припадност најслаб успех покажуват учениците од ромска националност меѓутоа во споредба со минатите години успехот минимално е зголемен. Училиштето врши споредба на резултатите, по претходни извештаи од одделенските раководители , а потоа тие резултати се обработуваат на ниво на училиште и се вршат споредби. Додатната настава ја реализираат сите наставници според планот и програмата, кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставниците работат со талентираните ученици меѓутоа треба да се истакне дека мал број на ученици стигнуваат и земаат учество на државни натпревари, што значи дека е потребна нивна поголема мотивираност, вклучување на стручна служба, и поголем број активности. Напредокот и постигнувањата на оние ученици кои имаааат потешкотии во учењето се следи преку: индивидуалниот пристап на наставникот, изработка на контролни задачи (тестови) по нивоа, дополнителна настава на која се задолжуваат со посебни активности според нивните способности, менторирање од педагошки асистенти за помош во учењето, како и почести усни проверки и тестови прилагодени според способностите и можностите. Родителите и учениците сметаат дека потребно е повеќе да се вклучат наставниците, дефектолог и стручна служба со активности со ученици со ПОП. Во однос на опфаќање на учениците во нашето училиште се примаат ученици кои што припаѓаат на нашиот реон. За прифаќање на учениците се почитува законот за основно образование и реонизацијата која е во соработка со општината.Во училиштето нема идентификувани групи ученици кои се повеќе подложни на "осипување" од училиштето. Најчесто отпишувањата се должат на преселување на местото наживеење.
Учење и настава	Во нашето училиште има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за подршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и лица назначени од стручните органи. Секоја година наставниците доставуваат годишни и тематски планирања, кои се уредни и се во согласност со барањата од МОН и БРО. Наставата во училиштето се реализира според тие планирања. Воедно, се планира домашна работа по нивоа, се користат активни методи и техники за работа индивидуално, во парови и групи, се користи ИКТ во наставата и друго. При тоа постои и регионална соработка со други училишта (МИМО). Распоредот на часови го прави одговорен наставник во соработка со стручната служба, почитувајќи го интересот на учениците, просторните услови во училиштето, рационално користење на фискултурната сала (да нема повеќе одделенија во исто време), часовите по англиски јазик, природни науки, техничко образование бидејќи предаваат предметни наставници,а дел од нив предаваат и во повеќе училишта

	во општината. Целите што ги планираат наставниците од секоја фаза и очекуваните исходи од наученото ги споделуваат заедно со учениците. Во процесот на учење постојат интерактивни методи (ученик – ученик) со тоа што се вклучуваат сите ученици, секој се мотивира, секој труд се цени, пофалува и при тоа се гради меѓусебната доверба, мотивираност и активна работна атмосфера. Наставниците ја почитуваат учениковата личност. Покажуваат љубов, разбирање и соработка без разлика на полот, социјалното потекло, етничката или религиска припадност. Со цел да се подобри наставниот процес наставниците се посетуваат на часовите и се следат од директорот и стручната служба. Со создавање една физички, психички и социјално безбедна и стимулативна средина која нуди разновидни материјали, задачи и ситуации, соодветни на развојното ниво, наставникот го поддржува учењето на детето преку индивидуално и групно истражување, игра, користење на разни ресурси и интеракција со други деца и возрасни. Ова ја поттикнува детската самосвест и капацитетот за креативно мислење, бидејќи ученикот доживува дека е прифатен, сигурен и поддржан во неговите истражувања, игри и изразување на себе си. Ако наставниците ги поправаат и пребрзо донесуваат заклучоци за тоа што децата сакаат да кажат, децата нема да се чувствуваат спремни да се изразат себе си. За да постигнат високи и квалитетни резултати и да развијат љубов кон учењето, на децата им е потребно да се чувствуваат прифатени и слободни да се изразат без страв дека ќе бидат отфрлени или исмеани. Децата треба да учествуваат во дефинирањето на правилата на однесување. Тие во овие процеси треба да се вклучат уште на почетокот на училишната година преку Училишниот парламент. Но тие треба да разберат дека можат да ги сменат правилата или да ги редефинираат во зависност од ситуациите и околностите во кои се наоѓаат. Децата треба да се научат дека нивна одговорност е да прават соодветни избори и дека ќе одговараат за своите постапки. Затоа е важно наставниците да бидат доследни во применувањето на последиците од прекршувањето на правилата. Исто така, корисно е и да се употребува позитивен поттик така што ќе се пофалуваат децата кои се придржуваат кон правилата. Меѓу возрасните и децата мора да постои интеракција. Таа може да послужи како добар пример за комуникација и меѓу самите ученици. Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење преку редовните систематски прегледи, стоматолошките прегледи, преку советодавните разговори со родителите. Активностите кои се превземаат се соодветни за потребите на учениците: - се изработуваат посебни индивидуализирани образовни програми за индивидуална работа со овие ученици; - учениците се вклучуваат во дополнителната настава по ситепредмети; - соработка со стручни лица идефектолог Во оценувањето наставниците користат разни техники и инструменти за оценување, следејќи го напредокот на учениците со формативното оценување, со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум кој е оценет преку сумативното оценување. Учениците и родителите

	јавно на видно место се информираат за оценувањето преку критериумите за оценување, сработени според стандардите зададени од БРО. Инструментите ги опфакаат следните начини на мерење на знаењата на учениците: следење и набљудување на активноста на учениците на часовите, изработката на постигнувањата на тестовите, контролните, писмените и индивидуалните изработки, учеството во работа на проекти и натпревари. За постигнување на овие цели вработените во училиштето во соработка со учениците и родителите ќе изнајдат најразлични методи, и постапки за успешна нивна реализација. Учениците исто така се вклучени во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, водење портфолија, градење критериуми со цел да ги подобрат постигањата. Големо внимание наставниот кадар ќе посвети на наставните програми, внесување иновации, скратување или отфрлување на содржини кои се непотребни и истите ги оптоваруваат учениците во стекнувањето на знаењата, што значи поголема слобода на наставникот да оцени одредени афинитети, желби, потреби и интереси, склоности и способности на ученикот. Наставниците оценуваат формативно и сумативно преку различни методина оценување. Процесот на оценување е со цел да се постигне напредокот во постигнувањата, во текот на наставниот процес и да се поддржи учењето на учениците за постигнување највисоки можни резултати. Задача на оценувањето е да го развива и продлабочува учењето преку формативно и да се мерат постигнувањата преку објективна сумативната оценка. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со нив за нивниот напредок и постигањата со цел идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето. Наставникот ги искористува овие информации со цел да го подобрат планирањето во наставата. Училиштето известувањето на родителите околу постигањата и напредокот на учениците во својот систем на работење го има сведено на највисоко ниво. Прибирањето на информации околу напредокот на учениците нивните ученици функционира беспрекорно со користење на формални и неформални средби со родителите, групни и индивидуални средби со родителите, јасно пренесување на секоја информација, пишани извештаи со информации, пишани извештаи за секој предмет поединечно, информации за личен и социјален развој и барање повратна информација од страна на родителот. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Учениците користат заштитна опрема при реализација на наставни содржини за стекнување практични вештини. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот итн..) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не можат да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и сл.) се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и обучени како да се однесуваат кон нив. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето и врши обука на сите наставници за постапување во такви случаи. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведувасимулација. Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и

	возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство со особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците (меѓу себе и од страна на возрасните). Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат маханизмите за справување со евентуална појава на различните облица на насилство. Од анализата на анкетираните ученици произлегоа половични резултати во однос на насилство на ученици од страна на ученици. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалнатазаедница. Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларииите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се конзумира алкохол. Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците. Се доставува примероци од храната за испитување воинституција надлежна за утврдување на квалитетот на храната. Во соработка со локалната заедница и со општината воспоставува процедури со кои се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Училиштето соработува со родителите и со други релевантни институции (на пример невладини организации) во обезбедување грижа за децата со телесни пречки во развојот. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење. За учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример недостаток на прибор за работа) и да учествуваат во воннаставните активности кои бараат вложувања на дополнителни средства (на пример, екскурзии, приредби, натпревари). Училиштето обезбедува материјални средства. Хигиената во училиштето е на високо ниво. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат и да ја одржуваат личната хигиена. Училиштето има пропишана процедура за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошни образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали за образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни инатитуции и др.) за професионална ориентација на учениците. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција идр. Секој наставник води евиденција за постигањата, редовноста иповедението на секој ученик како и за неговиот интелектуален , социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на ученикот и неговите развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на ученикот што се добиени како резултат на проценка од страна на наставниците во

	соработка со стручната служба и родителите на ученикот. Постои соработка меѓу стручна служба, наставници и родители. (инструменти за оценување, Евидентни листови) Психологот на училиштето изработува детална анализа за напредокот на учениците по паралелки.
Клима во училиштето	Од спроведената анкета кај наставници, ученици и родители и по нејзина анализа добиени се висок процент на позитивни одговори што зборува за подобрување на слабите страни. За соработката и успешното функционирање на триаголникот наставник-ученик родител зборува фактот дека учениците, родителите и заедицата редовно и навремено се информирани за случувањата во училиштето. За демократскиот пристап зборува одговорот дека учениците можат да го искажат своето мислење, активно се вклучени во демократско избирање на членови на училишна заедница како и нивни претставници во Училишниот одбор, учествуваат во донесување правила и одлуки за животот на училиштето. Училиштето ги поттикнува и ги поддржува учениците да спроведуваат активности со кои и помагаат на заедницата. Квалитетна соработка постои и со заедницата која обезбедуваматеријална поддршка на училиштето и учествува во активности иницирани од училиштето. Од разговори (усни интервјуа) со наставници, родители и ученици се согледува потребата и придобивката за продолжување со воннаставни активности како и мотиирање за учество во истите. Наставниците од досегашните разговори со учениците согледуваат дека тие покажуваат голем интерес за вклученост во воннаставни активности, бидејќи тие соодветствуваат на нивните интереси. Неформалното учење покажува резултати, учениците учат полесно, а знаењата се трајни. Воедно на тој начин слободното време на учениците е квалитетно пополнето. Затоа и покрај високиот процент на вклученост на учениците во воннаставни активности и во иднина се планира да се продолжи со иста или зголемена динамика. Како најмал број активности со бизнис заедница и невладин сектор во иднина е се посвети внимание на зголемена соработка со нив. За во иднина со вака создадени услови може да се планираат и реализираат зголемен број на часови со ИКТ, бидејќи учениците покажуваат зголемен интерес за учење на овој начин. Наставниците истакнуваат дека и покрај добриот процент на реализирани активности од учениците со кои и помагаат на заедницата (селекција на отпад, помош на стари лица, крводарителски и хуманитарни акции) континуитет треба да има и продолжување на истите.
Ресурси	Основното општинско училиште „Ацо Шопов“ располага со соодветни, но не доволни просторни капацитети заради зголемен број на ученици инаставен кадар со кој се овозможува современо изведување на воспитно-образовната работа. Од друга страна пак училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Исто така, поднесено е барање до локалната самоуправа за надградба на училници и постапката за реализација е вотек. Основното општинско училиште ,,Ацо Шопов“ располага со: една училишна зграда, 2+3 спортски терени, 1 кат, 19 училници, 11 помошни простории, 1 училишна библиотека и сопствено парно. Од наведеното - 1 кабинет по информатика, 4 училници опремени со компјутери преку Министерство за образование, 3 графоскопи, 3 ТВ приемници и 19 ЛЦД телевизори, 2 видео рекордери, 2 ДВД, 1 пијано, 6 касетофони, 25 географско- историски карти, 1 ротокоп по географија, 1 фото апарат и дигитална

	камера, 5 ЛЦД проектори, 1 фотокопири, 20 принтери, 4 смарт табли, 8 интерактивни табли со прожектор, 9 училишни табли, 13 персонални компјутери, 4 микрофони пилотки, принтер во боја, проекционо платно. Секоја година се набавуваат нови наставни средства и помагала во зависност од потребите на наставата. Се врши постојано снимање на потребите на наставниците во врска со професионално усовршување на настанвиот кадар, се спроведуваат прашалници и анкети, се врши анализа на постоечката состојба и потреба на наставниците, по што се формираат групи кои посетуваат семинари или обуки за кои е утвдено дека наставниците имаат потреба. Постои соработка меѓу наставниците и размена на искуства и знаења, се врши посета на практични часови и организирање на работилници на ниво на стручни активи. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкети, водење евиденција за посета на семинари, стручни предавања, практична реализација на работилници (стручни активи), помош во работата на приправници, соработка со стручни институции (Биро за развој, невладини и владини организации и слично), помош и поддршка од страна на стручна служба по потреба. Има програма и стратегии за обезбедување на професионален развој на наставниот кадар. Наставниците и стручните соработници во основното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања. Напредувањето на наставниците и стручните соработници во звањата наставник, наставник – ментор, стручен соработник и стручен соработник – ментор го врши училишна комисија која ја формира директорот на училиштето на начин пропишан од министерот по предлог на Бирото, Државен испитен центар и Државен просветен инспекторат. (член 57 – г). Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на РМ, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на РМ, Законот за извршување на Буџетот на РМ и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Средствата од ставот (1) се распоредуваат на општините по пат на блок дотации и наменски дотации согласно Уредбата на методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Општината средствата од ставот (2) на овој член ги распределува на општинските основно училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно – образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи. (член 92). Општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменската дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата. Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедат и од други извори (легати, подароци, завештанија и друго), а да се користатнаменски. (чл.93) Вработените во училиштето кои вршат работа од дејноста основно образование, имаат статус даватели на јавни услуги во основното образование и сите се со соодветно образование за работата која ја извршуваат.Сите наставници и стручни соработници имаат комплетно пополнето и доставено досие за нивниот професионален развој со комплетни прилози – според правилникот за пополнување и доставување на истите. Стручните активи редовно оддржуваат состаноци. Содржините на состаноците претходно се планираат и во планираниот период се изведуваат преку отворени часови по различни наставни предмети, стручни предавања, како и разговори за иновациите и техниките во наставата. При тоа се

	надградуваат знаењата преку размена на искуства и им се помага на нововработените наставници при организирање на нивниот час. Наставни средства се набавуваат со помош на учениците, родителите и наставниците и во соработка со Советотна родители кој е вклучен во организирање на Новогодишен и Велигденски хепенинг, спортски натпревари и забави за учениците. Спроведенена е анкета со ученици, родители и наставници и од анализата на истата утврдено е дека мислењата се воглавно позитивни.
Раководење, управување и креирање политики	Со училиштето управува Училишниот одбор. Тој контиунирано во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето и има соодветен број на членови (9) од пропишаните структури-наставници (3), родители (3), МОН (1), локална заедница (2), полова правична застапеност е делумна (бидејќи Училишниот одбор е составен од 8 жени и 1 маж). Училишниот одбор има свој Деловник за работа и годишна програма за работа. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. Училишниот одбор е вклучен активно во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. Интегралниот инспекциски надзор при извршената интегрална евалвација даде позитивно мислење на работата на УО. Имено редовни состаноци, правилно работење според Годишна програма, редовно присуство на сите членови од УО, учество во сите активности на училиштето (формирање комисии по објавени тендери, пописни комисии, комисии за екскурзии и други тековни активности). Раководниот орган на училиштето е Директорот. Директорот има стратешка определба заснова на врз јасна визија што ги содржи гледиштата и поребиоте на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа. Донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредиблитет и професионален однос кон работата, способност да делигира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените на образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурата на училиштето. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развојниот план, планирање и обезбедување на квалитетен извор на податоци: Деловник за работа на УО, Статут на училиште, записници, извештаи и одлуки од УО, самоевалуација, програма за работа на директор, интервјуа со наставници, родители и ученици со СР , УО и Директор. Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ОУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Целите се во склад со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. За реализација на истите информирани се вработените, родителите и УО. Училиштето има своја политика поврзана со дисциплината и поведението на учениците. За таа цел има донесено: Должности за воспитно-образовниот кадар, правила, кодекс на однесување на учениците. Правила за изрекување педагошки мерки кои произлегуваат од правилникот за изрекување педагошки мерки донесени од МОН. Постојат и интерни правила за пофалби и награди на ученици. Постојат активности како што се: пофалби на учениците на одделенски совети, наставнички совет, истакнување на огласна табла на пофалени и наградени ученици од разни конкурси и натпревари. Постои кодекс на однесување за ученици и вработени. Во изработка на истите беа вклучени

	учениците, СР и наставниците. Училиштето е отворено за разновидни иницијативи покренати од: воспитно- образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во склад со законските прописи и сите други видови планирања во училиштето. Училиштето преку својата Брошура и веб страна целосно ги информира сите субјекти надворешни и внатрешни за воспитно-образовната работа на училиштето. Соработката со медиумите се остварува со цел презентирање и промовирање на целокупната работа на училиштето како и бројните активности и проекти кои гипревзема. Училиштето работи според Закон за основно образование /Службен весник бр 161 на РСМ, од 05.08.2019 година, во кој има повеќе правилници и сите се почитуваат. - Во текот на периодот онлајн настава училиштето преку своја платформа овозможи непречена настава за учениците учење оддалечина. - Во текот на периодот онлајн настава училиштето преку своја платформа овозможи непречена настава за учениците учење оддалечина. Училиштето е отворено за локалнат азаедница има и соработка со Црвениот Крст на општина Чаир: хуманитарни акции во облека, социјални пакети во храна, новогодишни пакетчиња за деца од социјални семејства; се следат современите трендови во образованието кај нас и надвор, да се едуцираат наставниците и членовите на Советот на родители, да се зголеми учеството на соработка на сите ресурси во насока на потребите на наставата директорот има визија за квалитетна реализација на развојното планирање, тимска работа на сите вработени, ангажирање на сите за сите. По разгледување на иницијативите се донесуваат одлуки, се информираат заинтереситаните страни и се ралазира планираното. Во постапката на креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната самоуправа при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Информирањето е транспарентно, преку огласна табла, писмени документи, веб страна на училиштето, индивидуални и групни средби.
Комуникации и области со јавноста	Би кажале дека соработката и комуникацијата со сите напред спомнати институции е взаемна, делумно континуирана. Почнувајќи од тоа дека во училиштето редовно и навремено се одржуваат состаноци за нормално функционирање на работата на училиштето каде наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потеба, донесуваат заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување. Па ќе се надоврземе на стручните активи кои се состануваат според предвидената динамика, разгледуваат актуелни прашања и разменуваат мислења. И ќе заокружиме со работата на тимовите на ниво на училиште постојат поголем број на тимови кои дејствуваат на различни полиња, секој според својата цел и намена. Можеме да кажеме дека во нашето училиште, кај поголем дел од наставниците успешно е воспоставена комуникација наставник-ученик. Присутно е взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Наставниците со разбирање гледаат на нивните грешки, ги прифаќаат реагирањата на учениците и соодветно одговараат на нив. Избегнуваат да создаваат конфликтни ситуациии помеѓу наставник- ученик. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. Комуникацијата ученик-ученик продолжува и надвор од рамките на училиштето, при изработка на зададени проекти од страна на наставниците, со кој факт се истакнува вредноста на работата, на взаемно вложен труд кој се разбира води до успех. Присутно е и взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Соработката со локалната

	заедница, родителите, соработката меѓу наставниците придонесува за целокупното подобрување на наставниот процес во училиштето. Комуникација со други образовни институции во РС Македонија исто така остваруваме и истата е секогаш позитивна се остваруваат заеднички средби, размену вања на искуства. Од разговорите со директорот можеме да заклучиме дека постои позитивна и двонасочна комуникација помеѓу нашето училиште и МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ. Се разменуваат податоци кои се потребни за ефикасно и непречено функционирање на воспитно образовниот процес, сепосетуваат семинариибукизапотребни,целнигрупиилипроблематикиизаедничкисе делува за успешни чекори и напредок. Позитивната комуникација се одвива на сите нивоа и преку сите служби во локалната самоуправа. И таквата соработка вродува со заеднички успех и донесување соодветни и навремени решенија на секоја ситуација. Од спроведената анкета кај наставници, ученици и родители и по нејзина анализа се забележува висок процент на позитивни одговори што зборува за подобрување на слабите страни. Родителите и заедицата и за време на пандемијата редовно и навремено се он лајн информирани за случувањата во училиштето. За време на часовите наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење.

4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

Подрачје	Согледувања
Наставни планови и програми	**Реализацијата на наставните планови и програми** Во ООУ„Ацо Шопов“ наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование. Содржините во поголем број наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акции од еко стандарди за реализирање на еко содржини по наставните предмети. Училиштето има воспоставено процедури и користи различни начини и средства (брошура, информатор, веб страна) да ги информира членовите на советот на родители, родителите, учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, активости во училиштето како и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Во училиштето 3 ученика се со посебни образовни потреби со наод и мислење и 7 ученика со потешкотии во учењето. За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано инклуизивен тим, исто така и за секој ученик има формирано тим. Тимот има изготвено Програма за работа, има пропишана процедура за изготвување на индивидуалниот образовен план. Мал број наставници не изготвуваат план, а најголем број од наставниците не постапуваат по планот. Наставниците посетувале обука на тема која опфаќа работа со ученици со посебни образовни потреби „Методи, техники и алатки за работа со учениците со посебни образовни потреби-примена на асестивна технологохија“. Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети за учениците од четврто до деветто одделение се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Избор се врши со спроведување на анкети со учениците. За изборот на изборен предмет и бројот на ученици по секој предмет училиштето го известува Министерството за образование и наука. Училиштето спроведува постапка за реализација на проширена програма од прво до трето одделение. За реализирање на планираните активности определени се наставници кои работат по изготвен распоред. **Квалитетот на наставните планови и програми**

	Училиштето континуирано не планира активности за доставување мислење од страна на наставниците, стручните соработници и родителите за обемот и содржината на наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност, ученици со посебни образовни потреби. Не постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, вградени се содржини и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во поголем број наставни програми што се реализираат. Училиштето не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, врз основа на барања од родители, наставници или врз основа на согледаните потреби на локалната средина до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. **Воннаставни активности** Училиштето планира и реализира голем број воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Училиштето организираат заеднички воннаставни активности и со училишта со настава на друг наставен јазик. Во воннаставна и 17 секции вклучени се сите ученици. При вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованието и градење на соживот. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби. Учениците се вклучуваат во воннаставните и слободните активности. Учениците не учествуваат во подготвување на Програмите за работа за реализација на активностите. Во училиштето реализирани се 70 воннаставни активности. Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 187 награди од кои: - 93 награда на општинско ниво (19 прво место, 28 второ место и 46 третоместо) - 79 награди на регионално ниво (10 прво место, 25 второ место и 44 третоместо)

	- 18 награди на државно ниво (2 прво место, 5 второ место и 11 трето место) Училиштето учествува и на конкурси и освоило награди. Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, благодарници и пофалници. Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието е вкучено од учебната 2011/2012 година. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности учествува на манифестации, настапи и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето, во училиштето со учениците од различна етничка припадност и со учениците од партнер училиште. Училиштето има регистриран училишен спортски клуб „Ацо Шопов“ - Скопје со Решение бр.08-1002/2 од 27.05.2015 година издадено од Агенција за млади и спорт. УСК е регистриран во Централен регистар и има изготвен Статут. Во клубот застапени се пет спортски дисциплини (фустал, кошарка, ракомед, одбојка и шах), бројот на ученици во зависност од дисциплината се движи од 15 до 20 ученика од предметна настава. Во клуб не се опфатени ученици од одделенска настава. Клубот учествува на натпревари на општинско градско и регионално ниво и има освоено 15 награди од кои 8 прво место, 2 второ место о 5 трето место.
Постигнувања на учениците	**Постигања на учениците** Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Според анализи на крајот од првото полугодие споредени со постигања од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се одличен. Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е одличен (4.53). Поголем успех имаат учениците од одделенска настава и тоа: - успехот на учениците до 5 одделение е 4.65 - успехот на учениците од 6 и 9 одделение е 4.47 Средниот успех по предмети во предметна настава по задолжителната група предмети е 4.42, а по изборната група предмети успехот е 4.75. Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол – 4.76, а успехот на учениците од машки пол е 4.44, успехот на учениците македонци е 4.52, успехот на учениците со социјален статус е 3.96. Учениците се оценете и по поведение, во трите претходни учебни години 2581 ученик оценети се со примерно поведение и 6 ученика оценети се добро поведение . Од вкупниот број на учениците од прво до петто одделние добро поведение имаат само 2 ученика, а учениците од шесто до девето одделение добро поведение имаат 2 ученика. Подобро поведение имаат учениците од женскиот пол. Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години за родителите спроведени се 42 советувања од нив 21 за намален успех, 17 за нередовно посетување настава

	и 4 за несоодветно однесување. Од страна на стручниот соработни (психолог) по наведените основи спроведение се 19 советувања за роднителите од нив 14 групни и 5 индивидални, а со ученицие спроведени се 12 советувања од нив 7 групни и 5 индивидуални. Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Во училиштето индетификувани се 3 ученика со посебни образовни потреби, 7 ученика со потешкотии во учењето и 51 талентиран ученик. Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Најголем број наставници реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус (одделенска - предметна настава) и од еден во друг период, прибира податоци за постигањата по завршување на основното образование. Од споредбените анализи се констатира дека нема значајни отстапувања во успехот од еден до друг образовен период. Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето, затоа што од вкупниот број на ученици во учебната 2019/2020 година 28 ученика се роми, 1 ученик е од турска етничка припадност, 6 ученика се од српска етничка припадност и 16 ученика се од друга етничка припадност. Тимот за реализираните активности изготвува Годишен извештај и го презентира во училиштето. **Задржување / осипување на ученици** Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (соработка со надлежните институции, локалната заедница и градинките). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование. Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Во последните три години изведени се37 802 изостанока, од нив 36236 оправдани и 1566 неоправдани . Поголем број на изостаноци имаат учениците од машки пол и учениците. Во училиштето бројот на ученици кои се осипуваат е од 6 до 17 ученика. Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со родителите и граѓанските организации, навреме презема конкретни

	активности за да го спречи намали осипувањето. Прилив на ученици во последните три учебни години бројот на ученици се движи од 7 до 10 ученика. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно- образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. **Повторување на ученици** Во последните три учебни години има учениците кои имаале недоволен успех на крајот на годината. Во последните три учебни години 6 ученика не го завршиле одделението. Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.
Учење и настава	**Планирања на наставниците** Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на на директорот и стручната служба. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од Кемриџ, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето во соработка со дефектолг обезбедува поддршка за изработка на индивидуален образовен план. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба. Соработката со наставниците кои реализираат настава со учениците со посебни образовни потреби со и без наод во однос на психолошкиот развој на учениците и стекнување на знаења е добра. Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања.Кај најголем број наставници планирањата ги содржат сите елементи за организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај најголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности во поучувањето и учењето. Наставниците планираат во рамки на 3 стручни активи. Поголем број наставници користат дигитални, е – содржини и соработуваат и разменуваат искуства со наставници од други училишта. Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план, имајќи во предвид за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и распоредот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реализира согласно распоредот.

	Наставен процес Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење, а мал број на наставници планираат и користат техники во наставата. Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Часовите кај поголем број наставници се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел. Најголем број наставници ги постигнуваат поставените цели. Од проектот „Комјутер за секое дете“, училиштето има добиено комјутери лаптоп за ученици и наставници. Со комјутерска опрема опремени се 3 училница со вкупно 34 работни места и се користат 145 лаптоп. Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со 3 LCD проектори и 12 смарт табли. Наставниците посетувале обука за употреба на ИКТ во наставата. Во планирањата имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата кај поголем број наставници е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ в онаставата. Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) поголем број наставници ги планираат. Изборот на задачите и активностите кај пмал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Помал број наставници на учениците им овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможувада се вклучат и напредуваат во наставниот процес. Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата научениците. Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици не се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Сепромовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракција наставник – ученик е добра. Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користа соодветни форми и методи. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес којашто редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час е добра.

Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишнот простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурализмот. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот мал број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Поголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се земаат предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик делумно задоволува. Интеракцијата меѓу учениците за заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри. Мал број на ученици сметаат дека училиштето треба да превземе повеќе активности за да се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Помал број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

Училиштето за потребите на учениците со посебни образовни потреби и за учениците со потешкотии и надарени ученици има изготвено програми за работа. За потребите на учениците со потешкотии и надарените ученици има изготвено распоред за дополнителна и додатна настава.

Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Наставниците имаат изготвено стандард и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците недоволно се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми). Наставникот не ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно изготвен ИОП.

	Најголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Наставниците ги користуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. **Известување за напредокот на учениците** Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист) со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето (соработка со другите, почитување на разликите, толерантност). Најголем број наставници од родителите бараат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.
Поддршка на учениците	**Севкупната грижа кон учениците** Училишниот простор е безбеден за изведување наставучилиштето е осигурано на 01.01.2019 година - АД Осигурителна компанија. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиште,но има пакет средстава за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за евакуација за постапување во случај на елементарни непогоди. Во училиштето поставени се 12 ППА сервисирани 22.05.2019 година, 11 хидранти сервесирани 05.06.2019 година, на 06.06.2019 година извршено е мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телофонска врска. За безбедно движење на учениците на улицата поставен е успорувач на брзината и поставен е знак. Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување)

	во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите се почитуваат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Училиштето првземa активности за заштита на учениците од насилно однесување (реализира проект „Справување со меѓуврснички насилство во училиште“, проект „Мировен клуб“, организира работилници и предавања на тема „Сајбер насилство“, Стоп на насилството), активности за заштита од тровија со деца и користење на интернет. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство. Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања и активности за одбележување на Светскиот ден против пушењето. Учениците имаат организирана исхрана, истата се дистрибуира од страна на Валфуд ДООЕЛ увоз – извоз, Скопје. 85 ученика примаат ладен оброк (ужина) и за 49 ученика организаран е топол оброк. Училиштето води кампања за здрава исхрана, организира предавања на тема „Здрава храна“ и реализира активности за одбележување на Светскиот ден на здравјето и Меѓународниот ден на храната. За квалитетот на храната училиштето редовно е известувано од страна на надлежна институција. Во училиштето нема ученици со физичка попреченост. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Во училиштето во последните три учебни години има 7 ученика се од социјално загрозени семејства. За помош и поддршка на учениците во воннаставните активности и обезбедување со училиен прибор,облека училиштето организира активности и соработува со Центарот за социјална работа и хуманитарните организации, Црвен крст, невладини организации и на училишно ниво организира акции за поддршка на учениците вонаставата. **Здравје** Хигиената во училиштето е на многу добро ниво. Училишниот простор е чист на 26.08.2019 година извршена е дезинфекција, дезинфекција и дератизација. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и хортикултурно уреден. Училиштето има програма за превенција за здравјето,организирапредавања за начини на живеење, заразни болести-штетност и заштита, одржување на хигиена, заштита од ХПВ, сида и полови болести. За учениците училиштето организира систематски преглед, а за вработени санитарен и лекарски прегледи. Лекарски преглед на вработените извршен е на ден 20.04.2018 година во ПЗУ Поликлиника Превмед,Скопје, а во период од 27.02 до 06.03.2019година во ЈЗУ Центар за јавно здравје,Здравствен дом Пролет за сите вработени извршен е санитаренпреглед. Во училиштето нема ученици со хронично заболување.

	Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците Училиштето обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование и реализира активности по Програмата за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на основното опфаќа презентација за професионална ориентација од страна на средните училишта, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенските раководители и стручната служба. Психологот спроведува Психо тест на тема „Кој сум јас и што сакам да бидам“ каде што децата биографски се опишуваат и ги откриваат нивните интересеси за кои се водат и разговори како со учениците така и со родителите. Училиштето нема програма за работа на професионална ориентација за учениците со посебни образовни потреби во соработка со посебните средните училишта преку разговор со родителите, но реализира активности со цел да им помогне во изборот на идна професија. На училишното пано истакнати се информации за средните училишта (критериуми, услови и видови на струки), како и информации за училишта кои работат со ученици со посебни образовни потреби. Со овие ученици и нивните родители се водат индивидуални и советодавни разговори за нивно правилно насочување. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Во училиштето има 3 ученика со емоционални потешкотии со наод. Стручната служба им помога на учениците и родителите во решавање на проблемите поврзани со ВОП, ги упатува и до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи, Центарот за социјална работа, Центарот за ментално здравје. **Следење на напредокот** Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно не се наведени добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците, што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својатапаралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот/класен час, родителски средби и Совет народители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

Клима во училиштето	**Училишна клима и односи во училиштето** Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето е препознатливо како еко училиште. Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и донесен еко кодекс. Во изработка учествувале претставници од сите структури и усвојување со демократска процедура. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани сокодекс. Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот. Учениците – членови на училишната заедница не се поканuваат на состаноци на наставнички совет и совети на паралелки. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поткинувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Соучениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим по изготвена Програма на инклузивен тим за образование, тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на уцениците со ИОП. Ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтливо се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 30 педагошки мерки од нив 14 усна опомена, 8 писмена опомена, 1 укор и 7 намалуено поведение. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Училиштето има формирана ученичка заедница со ученици претставници од прво до деветто одделение. Ученичката заедница има изготвено програма за работа и за реализација на програма добива поддршка од училиштето. Ученичката заедница учествува во активности што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците од паралелката целосно не се информирани од претставникот во ученичката заедница за сите активности што се од нивен интерес. **Промовирање на постигањата** Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште и на екстерните проверувања на постигањата. Најголем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето. Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето не ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците,кои со постигнатиот успех се стекнае со награда и го афирмирале училиштето на државно ниво. Училиштето има воспоставен

	систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности. **Еднаквост и правичност** Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување, за да ги запознае родителите со правата на децата училиштето не организира работилници. Најголем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците недоволно се информирани за начинот како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2011/2012 година училиштето го реализира МИО проектот. Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари, решавање на конфликтина. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Со партнер училиштата (ООУ„Панајот Гиновски“, ООУ„Петар З.Пенко“ и ООУ„Лирија“) организираат и реализираат заеднички наставни и воннаставни активности. Во реализација на активностите поголемо учество имаатучениците од шесто до деветто оддление. Наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО проектот и ги реализираат согласно планираната динамика. Училиштето има добиено 4 гранда. **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** Училиштето планира активности да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите делумно се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници од редот на родителите во училиштето. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добре дојдени во училиштето. Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од еколошката програма. Училиштето од учебната 2006/2007 година е еко училиште има формирано еко одбор од 19 члена, изготвено еко програма, еко календар, еко химна, еко кодекс, формирана е еко патрола, организирани и реализирани еко акции и многубројни активности, како што е за одбележување на Светскиот ден на заштита на: енергијата, климата, животната средина, водата и активности за

	одбележување на Меѓународниот ден без автомобили и Меѓународниот ден за намалување на уништување на природата. За реализација на еко програмата вклучени се наставници стручни соработници, ученици и родители. За реализираните активности училиштето има инфо еко табла. Во учебната 2019/2020 година училиштето во еко програмата има планирано да реализира 9 еко стандарди. Училиштето нема добиен статус на еко училиште. Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во 5 проекти. За реализација на проектите има мал број примери за соработка на училиштето со основните исредните училишта од друг град на државно ниво.
Ресурси	**Сместување и просторни капацитети** Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците. На десет километри во северниот дел од Градот Скопје, под падините на планината Скопска Црна Гора во населбата Радишани, Општина Бутел се наоѓа ООУ „Ацо Шопов“. Училиштето е од тврда градба во добра состојба со површина на објектот од 4006м2, дворна површина од 20000м2, 1844м2 површина на надворешен спортски терен и 329м2 површина на спортска сала. Училиштето се состои од 19 училиници, фискултарна сала, библиотека, работилница, училишна кујна со трпезерија и 10 други простории. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. **Наставни средства и материјали** Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата кај поголем број наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето не располага со нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби. Училишната библиотека располага со 6117 наслови од кои 894 лектири, 750 романи, 292 детска литература, 10 енциклопедии и 325 стручна литература. При издавање се води евиденција во пишана форма. Библиотекарот уредно го води проектот Бесплатни учебници.Не се води евиденција за најчитана лектира и не се избира најдобар читател. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето. Обезбедување на потребен наставен кадар

	Училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес има вработено 47 наставника. Според образовниот профил 45 наставник се со високо образование и 2 наставника се со вишо образование. На неопределено работно време се 43 наставника и 4 наставника се на одредено работно време, од нив 3 наставник- приправник. Според полот 44 женски и 3 машки пол, според етничката припадност 46 македонци и 1 турска. Од прво до петто одделение наставата ја реализираат 22 наставника од нив 18 одделенски наставници, а предметна настава реализираат 28 наставника. Во друго училиште и од друго училиште настава реализираат 4наставника. Наставниот кадар презема одговорности во организација и реализација нанаставата и воннаставните активности. Работата на наставниот кадар поддржана е од страна на стручнат служба (педагог и психолог) и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Директорот навремено определува ментор. Менторите имаат изготвено програма за работа но поставените цели не ги реализираат согласно планиранатадинамика. Наставниците работат како тим во рамки на 3 стручни активи (актив на одделенска настава, актив на природна група предмети и актив на хуманитарна група предмети) . Активите имаат изготвено програма за работа, разгледуваат прашања даваат прелози и носат одлуки во интерес на наставата. При вработување на наставен кадар се земаат предвид соодветноста согласно нормативот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. Училиштето има стручна служба (педагог, психолог, дефектолог и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги в предвид професионални компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален развој на наставниот кадар. Училиштето учествува на семинари и обуки и организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Во последните три учебни години наставниците учествувале на 86 семинари, обуки или работилници. Организирање и учество во интерни и екстерни обуки за работа со учениците со посебни образовни потреби делумно задоволува. Училиштето организира и нагледен час. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Од страна на мал број наставници изготвени се индивидални програми за професионален и кариерен развој согласно програмата за развој. **Финансиско работење во училиштето** Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Во комисиите за јавни набавки има член од училишен одбор. При креирање на финансискиот план делумно се зема предвид предлог одученичката заедница за реализација на активности на ученичката заедница. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и

	финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и ностаат од страна на училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користат за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.
Раководење, управување и креирање политики	**Управување/раководење со училиштето** Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата, етничката и социјалната структура на членовите. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес. Одборот има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор активно учествува во креирање политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и меѓуетничката интеграција во образованието. Со Решение бр.09-1230/2 од 01.06.2018 година за директор на училиштето е именувана Лепосава Дохчева. Директорот на училиштето како раководен орган има стратешка определба заснована врз основа на јасна визија којашто ги содржи реалните гледишта и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Директорот знае реално и објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Донесува одговорни, правични и објективни одлуки и вработените се задоволни од неговата работа. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во воспитно - образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во Програмата за развој. Има соработка и отворен пристап со вработените, учениците и родителите. Ефективно раководи со вработените и има професионален однос кон работата при менаџирање со ресурсите. Неговата соработка со училишните тела и органи е со директна комуникација, преку одговорен наставник во подрачното училиште, преку средби, соопштенија, како и со писмена кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани. Неговата работа е планирана и се реализира во согласност со Годишната програма за работа на училиштето. Раководниот орган има изработено и Личен план за професионален и кариеренразвој. Директорот го следи воспитно-образовниот процес во училиштето и постигнувањата на учениците, го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики за поддршка на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието. Во остварување на обврските и раководењето, директорот поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до надлежните органи. **Цели и креирање на образовната политика** Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици. Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето

	вклученоста на вработените е многу добра, а вклученоста на родителите и учениците се добри. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето. Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, за насилството во училиштето и семејството, недискриминација, инклузивност, еколошко образование. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките мислењето на родителите и на учениците од страна на училиштето делумно се зема предвид. **Развојно планирање** Целите во програмата за развој се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување вклученоста на наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница е добра. Училиштето има акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики на централно и на локално ниво. Училиштето има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето планира финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес. Видот на обуките е определен со програмата за професионален развој. Наставниците учествуваат на обуки организирани од страна на Бирото за развој наобразованието. Училиштето навреме планира и обезбедва материјално-технички средства. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и истите оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно одржување. Училиштето има план за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата за сите ученици.
Комуникации и области со јавноста	

5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

СВОТ анализа

Предности (силни страни) на основното училиште	Слабости (слаби страни) на основното училиште
-Целосна реализација на наставните планови и програми одобрени од МОН; -Изготвување на квалитетни годишни и дневни планирања со сите застапени пропишани елементи и форми; -Училиштето реализира проширени програми за учениците; -Следењето и анализирањето на успехот и редовноста на учениците; -Редовно одржување на дополнителна и додатна настава -Учениците родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување -Организирана исхрана; -Училиштето поттикнува здрави животни стилови; -Поттикнува ученици на голем број вонучилишни активности; -Училиштето негува хуманост и толеранција кај најмладите; -Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми; -Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни потреби; -Училиштето има изградено квалитетна соработка со родителите; -Децата и родителите имаат право да искажат мислење на посреден начин; -Секоја година учениците се информирани за условите и видот на средните училишта и им се дава помош во правилниот избор на идното училиште и занимање;	-Мал број на учениците со ПОП се застапени во воннаставните активности; -Слаба мотивираност на учениците за учество на натпревари; -Помош од страна на стручно лице за ученици со ПОП (талентирани и со потешкотии) и поголема организираност на стручни теми и работилници за конкретни методи и форми за работа во училница со ученици со ПОП; -Недоволни знаења и вештини за користење на online платформите за далечинско учење, со цел олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците за време на вонредни состојби или кога ученикот оправдано отсуствува подолг временски период; -Користење на онлајн платформи за примена на методи, форми, техники во наставата за учење од далечина; -Едукација на учениците за заштита на сопственото здравје; -Мал број на ученици вклучени во воннаставните активности (секции, приредби, екскурзии) според нивни интереси; -Мал број простории – училници (18 училници, а 31 паралелка); -Обученоста на наставниот кадар за работа со ученици со посебни потреби и потреба од дефектолог кој ќе биде вработен секојдневно во нашето училиште; -Соработка, контакт со правни субјекти од бизнис секторот за добивање донација за потребите на училиштето.

-Во нашето училиште наставниците се трудат секој ученик во училиштето да научи најмногу што може; -Наставниците и учениците се грижат за учениците што имаат проблеми и помагаат да ги решат за време на часот; -Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење. -Училиштето има демократски избрана училишна заедница, која учествува во донесувањето правила и одлуки што се однесуваат на животот на учениците во училиштето; -Сите вработени во училиштето се запознаени со правата на децата и се практикуваат во пракса; -Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници што живеат во РС Македонија; -Секој ученик има можност да го изложи својот труд во просториите на училиштето и притоа присутни се елементи кои укажуваат на мултиетничкиот карактер на државата; -Училниците се доволно просторни опремени со ТВ уреди, принтери, самарт и интерактивни табли со прожектор, нови училишни табли кои помогнат за непречено одвивање на наставата и внесување на новини во истата; -Училишниот двор редовно се одржува и разубавува со нови садници ицвеќе; -Секоја година, се набавуваат нови средства и помагала, во зависност од потребите на наставата; -Наставниците редовно посетуваат семинари, обуки, работилници и одржуваат десиминации и внесуваат новини во наставата.	
Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште	**Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште**

-Посветеноста на наставниците; -Содветен наставен кадар; -Професионален однос кон сите субјекти; -Добро финансско планирање за потребите на училиштето; -Располагање со современи нагледни стедства; -Редовно следење и изготвување на анализи за состојбите во училиштето; -Соработка и размена на идеи и мислења меѓу вработените; -Континуирана советодавна работа и консултации меѓу вработените.	-Немање доволно училници за изведуање на кабинетска настава; -Голем број на ученици во паралелки; -Двосменско работење (немање доволен прстор за поусешна реализација на воннаставните активости); -Нерешени имотно-правни односи (заградување на училиштето и зачувување на естетскиот изглед на училишниот двор).

6. Мисија и визија на основнотоучилиште

Мисија

Квалитетно знаење–пат кон иднината

Поаѓајќи од мисијата училиштето ќе го поттикнува учењето и личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците преку создавање на услови кои промовираат етничка интеграција и здрава училишна средина.

Мото на училиштето

Училиште со еднакви можности за развој и напредување

Визија

Создавање современа, ефикасна и квалитетна настава, приспособена според потребите, можностите и интересите на учениците-средина во којашто ќе се почитуваат разликите.

7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четири годишниот период

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ	РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ
1.Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП	1.1. Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност 1.2. Мотивирање на учениците со ПОП, да се вклучат во воннаставни активности според нивни интереси
2.Обука за наставниците за изведување на онлајн настава	2.1. Избор на соодветна онлајн платформа за успешна комуникација за учење од далечина 2.2. Оспособување на наставниците за користење на онлајн платформа
3. Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето	3.1. Доградба/надградба на училници во училиштето 3.2. Доуредување на училишниот двор

Приоритетно подрачје „Наставни планови и програми“ и „ Училишна клима“					
Стратешка цел 1. Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП					
Развојна цел 1.1. Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност					
Конкретна цел 1.1.1. Имплементирање на програми за воннаставните активности во годишните наставни планови и програми					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Информираност на учениците и родителите за годишните планови и програми (делот за воннаставни активности). - Средби со родители и добивање писмена согласност за фотографирање и употреба на фотографиите за потребите на училиштето.	Навремена, целосна и достапна рамка на информации	Сите наставници, кои предаваат во училиштето	септември, октомври, 2020 / 2024 год.	хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

Конкретна цел 1.1.2. Изготвување и делење на печатени флаери и брошури на ниво на училиште за запознавање со активностите организирани од страна на училиштето преку СУА					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите

- Формирање работна група; -Изготвување и делење на печатени флаери и брошури на ниво на училиште за запознавање со видот на СУА и нивните активности - Составување и спроведување на анкета ,, Каде сакам да членувам? ” - Анализа на анкетата	Учениците преку флаери и брошури се запознати со СУА и со планот на активностите организирани од страна на училиштето преку СУА	Наташа Стојановска Ивона Бојчева, Весна Додевска, Родител	септември, октомври, 2020 - 2024 год.	хартија, компјутер, принтер	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 1.1.3.Редовна реализација на часовите на СУА, подготовка и учество на натпревари и учество во одбележување на поважните датуми во училиштето и државата					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Формирање на секции, по избор на учениците - Следење на работата на СУА и подготовки за натпревари: општински, регионални, државни - Настапи на аудио / визуелни медиуми	Голем број на задоволни ученици, промовирани СУА поширико од училиштето	Ване Ѓорговски, Светлана Л. Пислевска, Лиле Рабреновиќ Родител,	Секоја учебна година 2020 - 2024 год.	Телефон, разглас, микрофони, озвучување, детски списанија,	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 1.1.4. Користење на медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Ацо Шопов“					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите

- Редовно постирање на активности / настапи, учество во и надвор од училиштето на СУА, на веб страната на училиштето - Соработка со ТВ и учество во нивни емисии за деца и млади - Соработка и претставување на СУА во детскиот печат	Активностите постигањата на учениците редовно ги има во медиумите, социјалните мрежи и на веб страната на ООУ„Ацо Шопов“	Елена Златкова, Димитар Димитров, Марина Стојковска, Билјана Трајаноска, Родители	Секоја учебна година 2020 - 2024 год.	Компјутер, интернет, Телефон, Просветно дело – детски печат, ТВ – канали	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Стратешка цел 1. Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП					
Развојна цел 1.2. Мотивирање на учениците со ПОП, да се вклучат во воннаставни активности според нивни интереси					
Конкретна цел 1.2.1. Имплементирање на програми за воннаставните активности во годишните наставни планови и програми, каде што се вклучени деца со ПОП					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Информираност на учениците со ПОП и родителите за годишните планови и програми - Средби и разговори со родители, -Спроведувањена анкети - „ Каде сакам да членувам? “ - Формирање на СУА со вклучување на учениците со ПОП - Следење на активностите, - Изложби	Навремена, целосна и достапна рамка на информации	Сите наставници, кои предаваат во училиштето	Септември, октомври, Секоја учебна година 2020 – 2024 год.	хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

Конкретна цел 1.2.2. Изготвување и делење на печатени флаери и брошури на ниво на училиште за запознавање со целите и активности организирани од страна на училиштето преку СУА , за учениците со ПОП					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Формирање работна група за изготвување и делење на печатени флаери и брошурина ниво на училиште за запознавање со видот на СУА и нивните активности - Составување и спроведување на анкета ,, Каде сакам да членувам? ” - Анализа на анкетата	Учениците преку флаери и брошури се запознати со СУА и со планот на активностите организиран и од страна на училиштето преку СУА	Магдалена Андонова, Елена Ј.терзиевска, Марија Димовска, Родител,	Септември, октомври, 2020- 2024 год.	Компјутер, принтер – фотокопир, хартија	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 1.2.3. Соработка со стручната служба од училиштето и стручни лица од институции за вклучување на учениците со ПОП во воннаставните активности					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Дијагностичко следење на учениците со ПОП со цел откривање на интерес, потреба и афинитет на ученикот со ПОП - Понуда на соодветна воннаставна активност на ученикот со ПОП - Остварување контакт со ДКЦ, ,, Меѓаши “, здружение ,,Ајнштајн“	Учениците со ПОП се вклучени во разновидни воннаставни активности во соработка со стручни лица и институции	инклузивни тимови за секој ученик со ПОП посебно, дефектолог, психолог, од училиштето,	Секоја учебна година 2020 – 2024 год.	ИОП, наставни средства и помагала за работа со ученици со ПОП	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 1.2.4. Користење на медиуми за промовирање на воннаставните активности на учениците со ПОП					

Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Соработка со детски списанија - Соработка со ТВ куќи – социјални мрежи - веб страна	За учениците и активностите на воннаставните активности се гледа и слуша пошироко	-тим за соработка со медиуми -наставници кои ја водат СУА -Родители, -Директор	Секоја учебна година 2020 - 2024 год.	музички инструменти, разглас, озвучување, детски списанија	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Приоритетно подрачје „Учење и настава“					
Стратешка цел 2. Обука за наставниците за изведување на онлајн настава					
Развојна цел 1.1. Избор на соодветна онлајн платформа за успешна комуникација за учење од далечина					
Конкретна цел 2.1.1. Формирање на тим за организација					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Состанок – недостатоци од досегашната онлајн настава - Групи на наставници кои ќе следат обука	Успешна комуникација за учење од далечина преку соодветна онлајн платформа	Наставниците што предаваат англиски јазик и информатика	Август 2020	Интернет, компјутери	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 2.1.2. Презентирање на избраната платформа – можности кои ги поседува					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите

Поставување цели: каква онлајн платформа ни е потребна, -Избор на адекватна онлајн платформа	Успешна комуникација за учење од далечина преку соодветна онлајн платформа	Наставниците што предаваат англиски јазик и информатика, наставници	Август 2020 год.	Интернет компјутери	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 2.1.3. Реализација на една комуникација за учење од далечина со избраната онлајн платформа					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
Практично презентирање на платформата	Успешна комуникација за учење од далечина преку соодветна онлајн платформа	Наставниците што предаваат англиски јазик и информатика -наставници - слушатели	Август 2020	Интернет компјутери	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Приоритетно подрачје „Учење и настава“					
<u>Стратешка цел 2. Обука за наставниците за изведување на онлајн настава</u>					
Развојна цел 2. 2. Оспособување на наставниците за користење на онлајн платформа					
Конкретна цел 2.2.1. Формирање на тим за изготвување на анкета за согледување на сегашната состојба					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите

- Формирање на тим за изготвување на анкета за за согледување на состојбата. - Изработка на анкети за увид на потребите за обуки и работилници за користење online платформи во наставата. - Прашалник за увид на потребите за работилници и обуки за online платформи во наставата.	Олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците со користење на online платфоми во наставата.	Наставници тим 3: Настасија Давитковска, Дара Драгановска, Александра Неделковска, Билјана Симоновска Антовска, Златка Андонова, Звонко Николовски, Билјана Јосимовска	септември 2020 и септември 2022	хартија, компјутер, принтер, фотокопир.	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 2.2.2. Формирање работна група					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Анализа на анкетите и прашалниците од страна на работната група. - Изготвување на барање за одржување на обука во и на двор од училиштето.	Олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците со користење на online платфоми во наставата.	Наставници тим 3: Настасија Давитковска, Дара Драгановска, Александра Неделковска, Билјана Симоновска Антовска, Златка Андонова, Звонко Николовски, Билјана Јосимовска	Октомври и ноември 2020 / 2024	хартија, компјутер, принтер, фотокопир	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

Конкретна цел 2.2.3. Реализација на активностите					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Одржување на работилници и обуки со примена на online платформи во наставата. - Посета на нагледни часови со примена на online платформи.	Олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците со користење на online платфоми во наставата.	Педагог, психолог, наставници од училиштето, обучувачи од др.училиште или др.стручни лица, МОН и БРО	2020 / 2024	Хартија, компјутер, принтер, интернет, online платформи, смарт тв или интерактивна табла	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Приоритетно подрачје „Управување и раководењеи креирање политика“					
Стратешка цел 3. Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето					
Развојна цел 3.1. Доградба / надградба на училници во училиштето					
Конкретна цел 3.1.1. Согледување на реализацијата до сега (ова е многу потребно за училиштето, но веќе е 2 – 3 години во постапка)					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Размена на мислења за потребите од повеќе просторни услови.	Нови училнии - поквалитетна настава	Директор, претставници од УО и Локална самоуправа, Валентина Зотевска - наставник	2020 – 2024	хартија, компјутер, компјутерска опрема, интернет	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

Конкретна цел 3.1.2. Ангажирање родители – архитекти, барање од институциите за забрзување на постапката					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Изработка на план во соработка со архитект за зголемување на просторни услови. - Изготвување на листа на помагачи при реализацијата.	Нови училници – поквалитетна настава	Директор, стручна служба,раков оден орган на училиштето, Училишен одбор, локална самоуправа	2020 - 2024	хартија компјутер компјутерска опрема	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Приоритетно подрачје „Управување и раководењеи креирање политика“					
<u>Стратешка цел 3. Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето</u>					
Развојна цел 3.2. Доуредување на училишниот двор					
Конкретна цел 3.2.1. Формирање работна група					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Собирање идеи за оплеменување на дел од училишниот двор, каде што учениците и наставниците ќе одмараат, разменуваат идеи, ќе дружат и ќе следат настава на отворено	Уреден и корисен дел од училишниот двор за учење, одмарање и дружење на учениците и наставниците	Валентина Зотевска, Ирена Трајковска, Силвана Ѓуровска,	Септември – март 2020 / 2021	Интернет, компјутер, Хартија, принтер	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 3.2.2. Консултација со стручни лица и избор на локација					

Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
- Разговор со стручни лица за остварување на идејата – насоки, -Избор на соодветна локација - Листа на потребниот човечки и материјален ресурс	Уреден и корисен дел од училишниот двор за учење, одмарање и дружење на учениците и наставниците	Родители – архитекти, претставници од УО, Совет на родители, Директор, Димитар Ѓаковски домаќин, Коце Чанкуловски хаусмајстор	Септември – март 2020 / 2021	Интернет, компјутер, Хартија, принтер	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 3.2.3. Изградба на место за одмор, дружење и размена на идеи					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активности	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализцијата на активностите
Изградба на место за одмор, дружење и размена на идеи, пренесување на знаења на отворено, во пријатна атмосфера.	Уреден и корисен дел од училишниот двор за учење, одмарање и дружење на учениците и наставниците	Лица од општина Бутел, градежни работници, родители, хаусмајстор вработените во училиштето	Септември – март 2020 / 2021	Интернет, компјутер, Хартија, принтер	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

Сооднос помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите

Развојна цел	Конкретни цели	Активност (дејствија)			
		Прва год. – 2020/21	**Втора год. – 2021/22**	**Трета год. – 2022/23**	**Четврта год. – 2023/24**
1.1. Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес по пол и етничка припадност	1.1.1.Имплементирање на програми за воннаставните активности во годишните наставни планови и програми	Формирање на нови СУА . Изработка на програми за СУА во склоп на годишните планирања како и програма за општествено корисна и хуманитарна работа.	Усовршување на програмите за СУА во склоп на годишните планирања како и програма за општествено корисна и хуманитарна работа.	Надополнување на програми за СУА во склоп на годишните планирања како и програма за општествено корисна и хуманитарна работа	Соработка со други СУА , изработка на програми за СУА во год. планирања како и програма за општествено корисна и хуманитарна работа
	1.1.2. Изготвување и делење на печатени флаери и брошури на ниво на училиште за запознавање со активностите организирани од страна на училиштето преку СУА	Информирање на учениците и родителите за вклученоста на учениците во вон наставните активности и запознавање со одбележување на поважните датуми	-Мотивирање на учениците за вклучување во СУА преку анкета и каде ги даваат своите предлози за нови СУА	Согледување на состојбата од претходните две години. -Изработка на систем за пофалби и награди за учество во СУА и за постигнување на резултати по натпревари	Презентирање на воннаставните активности преку медиуми и социјални мрежи и веб страни
	1.1.3. Редовна реализација на часовите на СУА и учество во одбележување на поважните датуми во училиштето и државата	Соработка со детски списанија, библиотека, училишта,локална самоуправа, културно - образовни институции;	Соработка со детски списанија,библиотека, училишта од општината и градот, локална самоуправа, културно-образовни институции;	Соработка со ТВ и радио медиуми и сл. (наставници носители на секциите според личните афинитети).	Презентирање на воннаставните активности преку настапи во други училишта или пред гости од други училишта;
	1.1.4. Користење на Медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Ацо Шопов“	Користење на Медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Ацо Шопов“	Користење на Медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Ацо Шопов“	Користење на Медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Ацо Шопов“	Користење на Медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Ацо Шопов“

Сооднос помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите

Развојна цел	Конкретни цели	Активност (дејствија)			
		Прва год. – 2020/21	**Втора год. – 2021/22**	**Трета год. – 2022/23**	**Четврта год. – 2023/24**
1.2.Мотивирање на учениците со ПОП, да се вклучат во воннаставни активности според нивни интереси	1.2.1.Имплементирање на програми за воннаставните активности во годишните наставни планови и програми, каде што се вклучени деца со ПОП	Изработка на програми за СУА во склоп на годишните планирања прилагодени и за учениците со ПОП	Усовршување на програмите за СУА во склоп на годишните планирања прилагодени на деца со ПОП	Надополнување на програми за СУА во склоп на годишните планирања прилагодени на деца со ПОП	Соработка со други СУА во и надвор од училиштето каде што се вклучени ученици со ПОП
	1.2.2. Изготвување и делење на печатени флаери и брошури на ниво на училиште за запознавање со целите и активности организирани од страна на училиштето преку СУА , за учениците со ПОП	Информирање на учениците и родителите за вклученоста на учениците со ПОП во вон наставните активности и запознавање со одбележување на поважните датуми	Мотивирање на учениците со ПОП за вклучување во СУА преку анкета и каде ги даваат своите предлози за нови СУА	Согледување на состојбата од претходните две години. -Изработка на систем за пофалби/награди за учество во СУА и за постигнување на резултати од натпревари за ученици со ПОП	Презентирање на воннаставните активности преку медиуми и социјални мрежи и веб страни преку изработка на училишно пано со реализирани активности
	1.2.3. Соработка со стручната служба од училиштето и стручни лица од институции за вклучување на учениците со ПОП во воннаставните активности	Соработка со детски списанија, библиотека, училишта, локална самоуправа, културно - образовни институции;	Соработка со училишта од општината и градот и настапување на нивни приредби, настани, со локална самоуправа, културно-образовни институции;	Учество на разни манифестации, натпревари и нивно промовирање,	Презентирање на воннаставните активности преку настапи во други училишта или пред гости од други училишта,медиуми и социјални мрежи,
	1.2.4. Користење на медиуми за промовирање на воннаставните активности на учениците со ПОП	Учество на разни манифестации, натпревари и нивно промовирање на Веб страна, ТВ, детски списанија и други медиуми,	Учество, соработка, промоција, проширување на промовирањето на различни места и начини,	Учество на разни манифестации, натпревари и нивно промовирање на Веб страна, ТВ, детски списанија и други медиуми,	Презентирање на воннаставните активности преку настапи во други училишта или пред гости од други училишта,медиуми и социјални мрежи,

Сооднос помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите

Развојна цел	Конкретни цели	Активност (дејствија)			
		Прва год. – 2020/21	**Втора год. – 2021/22**	**Трета год. – 2022/23**	**Четврта год. – 2023/24**
2.1. Избор на соодветна онлајн платформа за успешна комуникација за учење од далечина	2.1.1 Формирање на тим за изготвување на анкета за согледување на сегашната состојба	Формирање на тим за изготвување на анкета за согледување на состојбата за користење online платформи во наставата	Согледување на потребата за презентирање на онлајн платформа кај новодојдените наставници	Согледување на потребата за презентирање на онлајн платформа кај новодојдените наставници	Согледување на потребата за презентирање на онлајн платформа кај новодојдените наставници
	2.1.2. Презентирање на избраната платформа – можности кои ги поседува	Користење на онлајн платформата со учениците кои подолго време отсуствуваат	Користење на онлајн платформата со учениците кои подолго време отсуствуваат	Користење на онлајн платформата со учениците кои подолго време отсуствуваат	Користење на онлајн платформата со учениците кои подолго време отсуствуваат
	2.1.3. Реализација на една комуникација за учење од далечина со избраната онлајн платформа	Одржување на работилници и обуки со примена на online платформи во наставата.	Изведување на обука во или надвор од училиштето.	Посета на наследни часови со примена на online платформи и организирање на работилници.	Изведување на обука во или надвор од училиштето.

Сооднос помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите

Развојна цел	Конкретни цели	Активности (дејствија)			
		Прва год. – 2020/21	**Втора год. – 2021/22**	**Трета год. – 2022/23**	**Четврта год. – 2023/24**
2.2. Оспособување на наставниците за користење на online платформи	3. 2. 1. Формирање на тим за изготвување на анкета за согледување на сегашната состојба	Формирање на тим за изготвување на анкета за согледување на состојбата. Изработка на анкети за увид на потребите за обуки и работилници за користење online платформи во наставата.	Прашалник за увид на потребите за работилници и обуки за online платформи во наставата	Прашалник за увид на потребите за работилници и обуки за online платформи во наставата.	Прашалник за увид на потребите за работилници и обуки за online платформи во наставата

	3. 2. 2. Формирање работна група	Анализа на анкетите од страна на работната група.	Изготвување на барање за одржување на обука во и надвор од училиштето.	Анализа на прашалникот од страна на работната група.	Изготвување на барање за одржување на обука во и надвор од училиштето.
	3. 2. 3. Реализација на активностите	Одржување на работилници и обуки со примена на online платформи во наставата.	Изведување на обука во или надвор од училиштето.	Посета на нагледни часови со примена на online платформи и организирање на работилници.	Изведување на обука во или надвор од училиштето.

Сооднос помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите

Развојна цел	Конкретни цели	Активност (дејствија)			
		Прва год. – 2020/21	**Втора год. – 2021/22**	**Трета год. – 2022/23**	**Четврта год. – 2023/24**
3.1 Доградба/надградба на училници во училиштето	3.1.1.Согледување на реализацијата до сега (ова е многу потребно за училиштето, но веќе е 2-3 години во постапка)	Следење на постапката и реализирање што е потребно во моментот	Изградба/надградба на училниците во училиштето	Доопременување на училниците со наставни средства	Одржување
	3.1.2. Ангажирање родители – архитекти, барање од институциите за забрзување на постапката				

Сооднос помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите

Развојна цел	Конкретни цели	Активност (дејствија)			
		Прва год. – 2020/21	**Втора год. – 2021/22**	**Трета год. – 2022/23**	**Четврта год. – 2023/24**
3.2 Уредување на училишниот двор	3.2.1.Формирање работна група	Работната група ќе се формира со цел да организира од идеја до готов објект	Надгледување, организирање, доуредување,	Поделба на задолженија за учениците и вработените за одржување и оплеменување на просторот околу	Одржување

				местото	
	3.2.2. Консултација со стручни лица и избор на локација	Средба со стручни лица од редот на вработените, родителите, локалната самоуправа	Засадување дрвја наоколу, Озеленување, садење цвеќиња		Собирање идеи за уредување на дворот
	3.2.3. Изградба на место за одмор, дружење и размена на идеи	Избор на локација – координација со изведувачот	Украсување со куќички за птици	Озеленување, садење цвеќиња, дрвја	Садење дрвја, грмушки, цвеќиња

8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

ООУ ,,Ацо Шопов“ од Скопје го спроведува проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ според кој се предвидува активно учество на родителите во работата и животот на училиштето и тоа: заедничко организирање наставни часови и предавања со наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта е да се зајакне врската родител-ученик-наставник. Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во работата на Советот на родители и Училишниот одбор.

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците ќе планираат и релизираат наставни часови од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, ќе учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати, ќе помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали.

Овој период родителите ќе придонесат и за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, натпревари, екскурзии, забави за учениците, приредби, хепенинзи, работни акции, промоции и други манифестации.

Во следниот период се планира да продолжи соработката со Советот на родители во сите сегменти на воспитно образовниот процес . Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки во Училишна заедница и Училишен одбор

Се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности кои се реализираат во нашето училиште.

Училиштето соработката со родителите ќе ја остварува преку редовно нформрање во однос на редовноста, однесувањето и оценувањето на учениците. Ваквата соработка ќе се реализира преу соопштенија, извештаи, анализи, презентации, организирани работилници, советувања и сл. Со почетокот од секоја учебната година училиштето изготвува Училишен информатор и брошура која им се доставува на родителите од прво одделение и претставниците на Советот на родители.

9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности преку заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Соработка со средни училишта, соработка со Општина Бутел, соработка со библиотеката во населбата; соработка со градинката Ташко Караџа при уписот на првачиња; соработка со невладини организации; соработка со училиштата на општината; домови за стари лица, театри, музеи, ДКЦ, МКЦ, соработка со РСБСП, Пакомак, соработка со издавачки куќи, телевизиски куќи, радио и печатен медиум, Црвен крст, училишта со посебни потреби, соработка со еколошки организации, Центарот за слух, говор глас-Скопје, Поликлиника Чаир, ДПИ, МТСП, СВР Скопје, Здружение Ромски деловен информативен центар, Национално тело за функционална процена, Координативно тело за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0 – 14 год. во РМ.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници и одбележување на значајни датуми. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина. Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање на свечена приредба за прием на првачиња на која секогаш се поканети и претставници на локалната средина; по повод Денот на шегата изработка на маски и костими; свечена приредба за доделување на пакетчиња по повод Новогодишните празници за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства; организирање на културни манифестации од различен карактер; по повод Денот на дрвото засадување на садници; учество на натпревари по различни предмети на општинско ниво.

10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основнотоучилиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП	Континуирано следење на реализацијата на слободните ученички активности Следење на подготовката и реализацијата на краткорочни активности (приредби, настапи и др. манифестации) Следење на рамноправното вклучување на учениците по пол, етичка припадност и деца со поп	Одговорно лице на СУА и воннаставни активности	Директор, педагошко-психолошка служба, лидерите на тимовите 1 и 5.
Обука за наставниците за изведување на онлајн настава	Реализација на интерни и екстерни обуки и советувања од стана на наставниците и стручни лица. Дисеминација на реализирани обуки.	Тим бр.3 и тим бр.5	Директор, педагошко-психолошка служба
Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето	Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност.	Тим бр.7	Директор

11. Евалуација на Развојната програма за работа наосновното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сгментин а планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која исто така ќе се врши евалуација на развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки:

-интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;

-анкети со наставници, ученици и родители;

-набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвиденитесодржини.

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции.

Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме остариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.

Евалуацијата ќе ја врши комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

12. Заклучок

Новата учебна 2020/2021 година започнува со реализација на нова развојна програма на училиштето која ќе опфати повеќе активности кои ќе се реализираат во период од четири години.

За успешна реализација на сите активности содржани во подрачјата од воспитно – образовната работа на наставниците со учениците од сите нејзини аспекти формирани се осум тима во кои се опфатени сите наставници поделени по подрачјатоа:

Подрачје 1: Наставни планови и програми Подрачје 2:
Постигања на учениците
Подрачје 3: Учење и настава
Подрачје 4: Подршка на учениците
Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето Подрачје 6: Ресурси
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политика Подрачје 8:

Комуникација и односи со јавноста

Самоевалуацијата ја изготвија вкупно осум тимови во ко се вклучени сите наставници

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Интегрална евалуација на училиштето и Правилник за СЕУ, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е постигната, со конкретни анализи и осврти на сите области од работењето на училиштето која даде слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето,од кои произлегоа јаки, но и слаби страни. Од секое подрачје од слабите страни произлегоа вкупно три приоритети на ниво на училиште итоа:

1. Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата соПОП;
2. Обука за наставниците за изведување на онлајннастава;
3. Зголемување на просторните капацитети – училници воучилиштето.

Тимовите од кои произлегоа приоритетите изготвија акциони планови со конкретниактивности за нивна реализација.

Реализацијата на предвидените активности од наведените приоритети ќе ги следи комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

13. Комисија за изработка на Развојната програма за работана основнотоучилиште

1. Лепосава Дохчева-директор/раководител
2. Марица Попоска-психолог
3. Маја Ивановска-педагог
4. Олгица Џороска-одделенскинаставник
5. Светлана Л.Пислевска-одделенски наставник
6. Алекандра Јордановска-предметен наставник
7. Дарко Костенцов-предметен наставник
8. Александар Величковски-родител

14. Користена литература

1. Годишна програма за работата на училиштето за учебната 2020/2021година;
2. Годишни извештаи за работата научилиштето;
3. Самоевлуација на училиштето за период од 2018-2020година;
4. Извештај од извршена интегралнаевалуација;
5. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работана основнотоучилиште;
6. Индикатори за квалитет на работата на училиштата од МОН иДПИ;
7. Алатки и инструменти за функционална самоевалуација на училиштата-Константин Петковски, Менка К. Михајлова, Елизабета Левеска